ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 12-204/9**

**Дата: 06.08.2010**

**ДО**
**ОПШТИНА ТЕАРЦЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Буџетот на Општина Теарце за 2009 година.
Немаме извршено ревизија ниту е издаден било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на Буџетот на Општина Теарце за претходни години.
За финансиките извештаи, за 2009 година на сметката на Буџетот на општина Теарце, како и за усогласеност со закони и прописи изразивме мислење со резерва.
Буџетот на општина Теарце за 2009 година, не содржи Предлог план на програми за развој кое создава услови за субјективно планирање и менаџирање со средствата потребни за реализирање на проекти во подолг временски период.
Општина Теарце нема воспоставено систем на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на даноците. Базата на даночни обврзници по основ на данок на имот не е ажурирана и истата е некомплетна. Постојат населени места каде иако постои законска обврска од 2008 година не е извршено задолжување со данок на имот. Нема докази дека пазарната вредност на недвижниот имот во базата на даночни обврзници е утврдена и пресметана според Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, што влијае на висината на остварените приходи.
Согласно Законот за даноците на имот не се преземаат мерки на присилна наплата за даночните обврзници кои своите обврски не ги измируваат во законски утврдените рокови.
Во Билансот на состојбата побарувањата не се реално искажани бидејќи не ги содржат ненаплатените побарувања по основ на данок на имот и комунални такси од минати години кое придонесува за нереални финансики извештаи.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 10 и 11 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Буџетот на Општина Теарце, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2009 година и биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е извршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на Буџетот на Општина Теарце за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Рами Ќерими – градоначалник до 07.04.2009 година, и
- Исен Асани – градоначалник од 08.04.2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на Буџетот на Општина Теарце се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достани соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во

околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена од 10.03. до 19.03.2010 година, кај општина Тераце на сметката на Буџетот од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор 12-204/3 од 2010 година.
Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Интерни контроли

3.1.1. Општина Теарце нема воспоставено интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината, поради што е утврдено постоење на ризик од нецелосно, ненавремено и неточно утврдување и наплата на приходите . Утврдено е дека:

- не се донесени пишани процедури во кои ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите при утврдувањето, наплатата и контролата на пресметките за утврдување на даноците на имот и на специфични услуги на сите вработени во организационите единици на општинската администрација вклучени во утврдувањето и наплатата на приходите;
- не постои разграничување на надлежностите во фазата на утврдување, пресметка, контрола и наплата на приходите, односно не се врши контрола на висината на пресметаните даноци и надоместоци;

Невоспоставените интерни контроли при утврдување на висината на обврските, придонесува за постоење ризик од помалку утврдени и наплатени приходи во корист на Општината и ограничување на планираните активности на Општината.

**Препорака:**
Градоначалникот на општина Теарце да донесе пишани процедури во кои ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите при утврдување и пресметка на даноците на имот и на специфични услуги на сите вработени во општинската администрација вклучени во утврдувањето и наплатата на даноците.

**3.2. Усогласеност со закони и прописи**

3.2.1. Општина Теарце нема донесено буџетски календар за 2009 година согласно одредбите на член 27 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа. Во календарот се утврдуваат рокови за планирање и донесување на општинскиот буџет, така што неговото недонесување придонесува за постоење ризик од ненавремено спроведување на буџетскиот процес.

**Препорака:**
Одделението за финансии навремено да изготвува и доставува до советот буџетски календар на усвојување.

3.2.2. Буџетот на општина Теарце за 2009 и за 2010 година не содржи Предлог план на програми за развој што не е во согласност со одредбите од член 21-б од Законот за Буџетите, каде се јасно утврдени роковите за изготвување и доставување до советот на усвојување Предлог планот на програмите за развој.
Буџетот без Предлог план на програми за развој е нецелосен и создава услови за субјективност во планирањето и менаџирањето со средствата потребни за реализирање на проекти во подолг временски период.

**Препорака:**
Градоначалникот во законски утврдените рокови да изготвува и доставува до советот Предлог план на програми за развој.

3.2.3. Општина Теарце со Буџетот за 2009 година има планирано приходи/расходи во износ од 73,015 илјади денари, меѓутоа во текот на 2009 година реализирани се приходи во износ од 44,572 илјади денари и расходи во износ од 43,881 илјади денари при што е остварен вишок на приходи во износ од 691 илјада денари. Планираните приходи се остварени со процент од 61%, а расходите со процент од 60%. Согласно член 29 од Законот за финансирање на единиците за локална самоуправа доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат како што е предвидено со буџетот, градоначалникот му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во годината. Извршен е

ребаланс на буџетот на 12 ноември 2009 година, но не е извршено усогласување на остварените буџетски приходи и расходи со планираните.
Неусогласеноста на остварените буџетски приходи и расходи со планираните создава можност од преземање на обврски за кои реално не се обезбедени средства во буџетот и нивно пренесување во наредната фискална година.

**Препорака:**
Одделението за финансиски работи во текот на годината да го следи извршувањето на буџетот. Во случај на позначителни отстапувања, градоначалникот да му предложи на советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во годината, а советот на Општината да донесе ребаланс на Буџетот.

### 3.3. Финансиски извештаи

3.3.1. Со ревизијата утврдивме дека даночните приходи се нецелосни и нереални поради следново:

- Базите на даночни обврзници не се целосно ажурирани бидејќи содржат обврзници кои не се обврзници на данок на имот во општина Теарце. Сопствениците на имот во руралните подрачја во населените места Брезно, Варвара, Јелошник и Првце не се опфатени со данок на имот, што не е во согласност со член 8 од Законот за даноците на имот бидејќи станбените згради во селските населби во ридско-планинските подрачја почнувајќи од јануари 2008 година не се ослободени од плаќање на данок на имот;

- Извршена е репроценка на пазарната вредност на имотот за населените места во кои е спроведен попис на недвижен имот (3 населени места), а за другите, даночна основица е вредноста преземена со податоците од Управата за јавни приходи При вршење на репроценка на пазарната вредност на недвижниот имот во општина Теарце комисијата за проценка на вредноста на недвижниот имот податоците од терен ги запишува на даночната пријава, а не и на обрасците пропишани со Методологијата за утврдување на пазрната вредност на недвижниот имот. Запишаните податоци се нецелосни и не нудат информации за поединечните елементи со кои се утврдува вредноста на имотот. Референтот за обработка на податоците врши внесување на доставените податоци во компјутерски примерок на методологијата со дополнување по своја проценка, меѓутоа истата не ја печати ниту е сочувана во компјутер, а добиената вредност на имотот се запишува во базата на податоци. Во обидот да се направи нова пресметка на вредноста на имотот со податоците од пријавата, ревизијата не доби иста вредност со онаа утврдена во базата;

- За проценка на пазарната вредност на земјоделското земјиште се користат цените утврдени од страна на Управата за јавни приходи од 2004 година. Ова не е во согласност со одредбите од член 13 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, каде е пропишано дека пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби во годината која и претходи на годината за која се врши утврдување на данокот. Поради ова не е обезбедено реално утврдување на пазарната вредноста на овој вид земјиште а со тоа и на данокот;
- Општинската администрација согласно член 39 од Законот за даноците на имот има обврска за редовно усогласување на состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за премер и катастар на недвижности на Република Македонија. Такво усогласување не се врши што се одразува на комплетноста на податоците;
- Во текот на 2009 година не се доставени писмени опомени до обврзниците за намирување на даночниот долг и не се преземени мерки за негова присилна наплата. Ова не е во согласност со одредбите од членовите 54 и 55 од Законот за даноците од имот кои се однесуваат за преземање мерки за ненавремена наплата на даночниот долг и создава услови за помало реализирање на приходите;
- Доставата на решенијата за комунална такса за фирма за 2009 година е неуредна бидејќи се вратени доставници без потпис, вратени се решенија кои обврзниците не сакаат да ги примат;
- За ненаплатените такси за фирма за 2009 година не се изготвени и доставени опомени и решенија за присилна наплата.

Некомплетната и неажурна евиденција на даночните обврзници по основ на даноци на имот и комунални такси за фирма како и непреземањето на сите законски мерки за наплата на даночниот долг придонесува за помалку наплатени приходи и ограничени активности на Општината.

**Препорака:**
Службите на Општина Теарце да:

- спроведат попис на недвижниот имот во сите населени места:
- извршат проверка на постоечките пријави и со нив утврдената вредност на имотот;
- ги ажурираат податоците од регистарот на даночни обврзници согласно состојбите кои ќе се утврдат на терен;

- вршат редовно усогласување на состојбата на регистарот на недвижности во Општината со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, и
- преземаат мерки за присилна наплата на ненаплатените даночни долгови.

3.3.3 Одделението за сметководство не води евиденција на побарувањата за ненаплатени даноци од имот и фирмарина за годините пред 2009 година што не е во согласност со член 19 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Како резултат на ова, општината не може да изврши реално планирање на можните приходи од наплата на даноци од минати години. Начинот да не се евидентираат побарувањата придонесува за нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Секторот за финансии, буџет и администрирање на приходи да го утврди ненаплатениот даночен долг од минати години, застареноста и истиот да го евидентира во сметководствената евиденција.

## 4. Ревизорско мислење

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.3., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на Буџетот на општина Теарце на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на општина Теарце, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања на неизвесност

Обрнуваме внимание дека општина Теарце е тужена страна во судски спор со ЕВН по основ на долг за јавно осветлување во износ од 12,083 илјади денари. Општината има поднесено противтужба за наплата на парично побарување и надомест на штета за комунална такса за јавно осветлуавње без утврдена вредност. Во

моментов, конечниот исход по ова прашање неможе да се утврди, и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

Скопје, 28.07. 2010 година

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ___________________________

*2.* ___________________________ ____________________

## СМЕТКА НА БУЏЕТОТ

### БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 17.679 | 14.366 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 2.402 | 1.708 |
| Капитални приходи | 3.3. | 216 | 99 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 24.275 | 16.012 |
| **Вкупно приходи** | | **44.572** | **32.185** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 12.787 | 10.911 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 499 | 42 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 10.652 | 8.324 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 579 | 486 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 194 | 121 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **24.711** | **19.884** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | 19.170 | 11.485 |
| **Вкупно расходи** | | **43.881** | **31.369** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **691** | **816** |

СМЕТКА НА БУЏЕТОТ

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 691 | 816 |
| Побарувања | 4.1.2. | 1.967 | 31 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2.658** | **847** |
| **Вкупна актива** | | **2.658** | **847** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 2.658 | 847 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **2.658** | **847** |
| **Вкупна пасива** | | **2.658** | **847** |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ______________________________
2. ______________________________ ______________________